МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА

КОНСТРУКЦИЈА И МОДЕЛИРАЊЕ НА ОБЛЕКАТА

II ГОДИНА

ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА СТРУКА

конфекциски техничар

Скопје, 2006 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: КОНСТРУКЦИЈА И МОДЕЛИРАЊЕ НА ОБЛЕКАТА

1.2. Образовен профил и струка
1.2.1. Образовен профил: конфекциски техничар
1.2.2. Струка: текстилно-кожарска

1.3. Диференцијација на наставниот предмет
1.3.1. **Стручно образование:** предмет карактеристичен за образовниот профил

1.4. Година на изучување на наставниот предмет
1.4.1. Втора година

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1.5.1. Број на часови неделно: 3 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 108 часа

1.6. Статус на наставниот предмет
1.6.1. Задолжителен предмет

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***конструкција и моделирање на облеката*** ученикот стекнува знаења и се оспособува:

- да ги познава елементите на конструкција и моделирање на облеката;
- да ја разликува градбата на машкото, женското и детското тело;
- да ги користи стандардите за големинските броеви при конструкција и моделирање на женска горна облека;
- да ги користи главните мерки за пресметување на помошните мерки при конструкција на основниот крој;
- да конструира основен крој на женска горна облека;
- да ги вклопува кројните делови (шаблоните) во кројна слика;
- да користи програмски пакети при конструирање и моделирање на облеката;
- да развива смисла за креативност;
- да развива вештини за тимска работа.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на целите по предметот ***конструкција и моделирање на облеката*** потребни се знаења од наставните предмети: математика и техничко цртање и машински елементи од I година.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структурирање на содржините за учење

Тематски целини	Бр. на ча-сови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
ГРАДБА НА ЧОВЕЧКОТО ТЕЛО	**6**	***Ученикот:*** - да ги познава основните карактеристики на човечкото тело; - да прави разлика меѓу нормално градено машко и женско тело; - да ја разбира пропорционалноста на деловите на човечкото тело; - да скицира човечко тело со помош на модул.	- Укажување на разликите во градбата на машкото и женското тело и нејзината важност при конструкција и моделирање на облеката; - истакнување на пропорционалноста на човечкото тело преку цртежи и скици; - скицирање на човечкото тело со модул.	
ЖЕНСКА ОБЛЕКА - СИСТЕМИ НА ОЗНАКИ И ГОЛЕМИНИ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА ОБЛЕКУВАЊЕ	**6**	- Да ги познава стандардите во конфекциското производство; - да ги познава системите на големинските броеви за женска облека за сите растови и развиености; - да утврдува главни мерки за дадена големина.	- Користење на табели со системи на ознаки на големински броеви за женска облека; - објаснување на разликата во големинските броеви на женска облека (раст, развиеност).	Математика
МЕРКИ И ПРЕСМЕТКИ		- Да ја објаснува постапката на земање на мерките;	- Демонстрирање на постапката за правилно земање на мерки;	Математика

	9	- да пресметува помошни мерки и додатоци за комоција според дадени формули.	- поврзување на главните и помошните мерки; - пресметување на помошните мерки и додатоци за комоција на конкретни примери;	
КОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВЕН КРОЈ НА ЖЕНСКО ЗДОЛНИШТЕ	**15**	- Да скицира модел на женско здолниште-самостојно; - да анализира модел на женско здолниште-самостојно; - да ги пресметува потребните помошни мерки; - да конструира женско здолниште според редоследот на операциите за конструкција на основен крој; - да формира кројна слика од сите кројни делови; - да анализира кројна слика самостојно; - да споредува разни видови женски здолништа.	- Скицирање на женско здолниште; - пресметување на мерките за конструкција на женско здолниште; - конструирање на основен крој на женско здолниште според редоследот на операциите. .	
КОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВЕН КРОЈ НА ЖЕНСКИ ПАНТАЛОНИ	**15**	- Да скицира модел на женски панталони-самостојно; - да анализира модел на женски панталони-самостојно; - да ги пресметува потребните помошни мерки; - да конструира женски панталони според редоследот на операциите за конструкција на	- Скицирање на женски панталони; - пресметување на мерките за конструкција на женски панталони; - конструирање на основен крој на женски панталони според редоследот на операциите.	Математика

		основен крој; - да формира кројна слика од сите кројни делови; - да анализира кројна слика самостојно; - да споредува разни видови женски панталони.		
КОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВЕН КРОЈ ЗА ЖЕНСКА БЛУЗА	**15**	- Да скицира модел на женска блуза-самостојно; - да анализира модел на женска блуза-самостојно; - да ги пресметува потребните помошни мерки; - да конструира основен крој на женска блуза; - да го познава редоследот на операциите при конструкција на основен крој на женска блуза; - да формира кројна слика од сите кројни делови; - да анализира кројна слика самостојно; - да споредува разни видови женски блузи.	- Скицирање на женски блузи; - пресметување на мерките за конструкција на женска блуза; - конструкција на основниот крој на женска блуза според редоследот на операциите.	Математика
КОНСТРУКЦИЈА НА РАКАВИ И ЈАКИ	**15**	- Да ги пресметува мерките за ракав со примена на формули; - да ги применува потребните мерки за конструкција на ракав; - да го опишува редоследот на	- земање на мерка за ракав; - укажување на поврзаноста меѓу основниот крој на женската горна облека и мерките за ракав и јаки;	Математика

		операциите за конструкција на ракавот; - да споредува широк и тесен ракав; - да ги применува потребните мерки за конструкција на јаки; - да го опишува редоследот на операциите за конструкција на јаки; - да споредува едноделни со дводелни јаки.	- пресметување на помошните мерки за ракав; - конструирање на ракав според редоследот на операциите; - конструирање на јаки според редоследот на операциите.	
КОНСТРУКЦИЈА НА ОБЛЕКАТА СО ПОМОШ НА КОМПЈУТЕР „AUTO CAD”	**27**	- Да ја познава работата со ,,auto CAD (Computer aided design)” програмот; - да го разбира значењето на алатките во програмот; - да ги приспособува алатките според потребите за цртање; - да црта линија, круг, повеќеаголник дводимензионално преку познавање на палетата ,,draw’’; - да котира објекти преку палетата ,,dimension’’; - да ги познава видовите на котирање (ортогонално, косо, котирање на агли и радиуси); - да разликува разни типови на текст и штрафура; - да вметнува текст и штрафура во	- Објаснување на работата со ,,auto CAD (Computer aided design)” програмот; - демонстрирање на основните алатки; - приспособување на програмот спрема потребите за цртање; - демонстрирање на начините на цртање на основните елементи дводимензионално преку палетата draw; - користење на палетата ,,dimension” за котирање на објектите; - објаснување на видовите димензионирање; - вметнување и промена на текст и штрафура на цртежот; - демонстрирање на	Информа-тика

		цртежите; - да ја применува палетата ,,edit’’; - да конструира основни кроеви на женска облека (здолниште, панталони, блуза, ракави и јаки).	конструкција на основни кроеви на женска облека (здолниште, панталони, блуза, ракави и јаки).	

4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на наставниот предмет ***конструкција и моделирање на облеката*** наставникот применува современи наставни методи (стратегии) во зависност од наставната целина, односно наставната единица, кои на ученикот му даваат можност да биде активен учесник во наставата. Овие наставни методи (стратегии) подразбираат примена на фронтална и индивидуална форма за работа, работа во групи, во парови/тандем.

Во текот на наставата наставникот ги презема следниве активности: објаснува, демонстрира, црта, дава упатства за работа, опишува, анализира, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, ги оценува постигањата на ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во слушање, дискутирање, анализирање, самостојна конструкција на предмети за облекување, прибележување, набљудување, споредување, изработување домашни задачи и друго.

4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно – образовната работа по наставниот предмет ***конструкција и моделирање на облеката*** се реализира преку стручно-теоретски настава и вежби во специјализирана или кабинет-училница опремена според Нормативот за наставни средства и помагала за образовниот профил конфекциски техничар од текстилно-кожарската струка. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Конструкцијата на женската облека во почетокот се врши рачно, додека во второто полугодие истите предмети за облекување ученикот ги конструира со примена на програмски пакети за компјутерско конструирање на облеката. Бројот на часовите кој е даден за реализација на тематските целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за конструирање на женската облека рачно и компјутерски, часови за вежби, повторување и утврдување.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите по наставниот предмет ***конструкција и моделирање на облеката*** во зависност од наставната единица се применуваат наставни средства, помагала; прибор за цртање, графоскоп, компјутери, програмски пакети за компјутерско конструирање на облека, шеми, слики, модни списанија и други наставни средства и помагала предвидени според Нормативот за наставни средства и помагала по предметот за образовниот профил конфекциски техничар.

За поуспешно совладување на целите на предметот се користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, како и дополнителна литература за ученикот и наставникот.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата, умеењата и конструираните предмети за облекување, континуирано во текот на целата учебна година, усно и писмено. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот, се постапува според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***конструкција и моделирање на облеката*** треба да ги поседува следните индивидуални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да го применува литературниот јазик и писмото на кој се реализира наставата, да е отворен и комуникативен, подготвен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да применува програмски пакети за компјутерско конструирање

на облека, да ја сака педагошката работа, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, .

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по ***конструкција и моделирање на облеката*** ја реализираат кадри со завршени студии по:

- технологија: конфекциска насока;
- технологија: текстилна насока;

и со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

6.3. Стандард за простор

Наставата по наставниот предмет ***конструкција и моделирање на облеката*** се реализира во специјализирана или кабинет-училница опремена според Нормативот за простор и опрема за образовниот профил конфекциски техничар од текстилно-кожарската струка и во конфекциски погони на трговски друштва од текстилна дејност.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: мај 2001 година

7.2. Состав на работната група:

1. Ратка Јаневска, раководител, советник, Биро за развој на образованието-Скопје
2. Д-р Соња Ќортошева, член, доцент, Технолошко-металуршки факултет-Скопје
3. Миливој Митевски, член, наставник, ДСТУ ,,Димитар Мирасчиев”-Штип
4. Зорица Новаковска, член, наставник, ДСТУ ,,Ѓоце Стојчески”-Тетово
5. Кире Гранков, член, дипл. инж. архитект-Штип
6. Радојка Бојаровска, член, ,,Тетекс АД”-Тетово

7.3. Датум на ревидирање: мај 2006 година

7.4. Состав на работната група за ревидирање
1. Ратка Јаневска, раководител, советник, во Бирото за развој на образованието-Скопје
2. Миливој Митевски, член, наставник, ДСТУ ,,Димитар Мирасчиев”-Штип
3. Катица Костова, член, наставник, ДСТУ ,,Димитар Мирасчиев”-Штип
4. Советници од Секторот за средно стручно образование при Бирото за развој на образованието

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

8.1. Датум на започнување: 1.09.2006 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програмата по ***конструкција и моделирање на облеката*** ја одобри министерот за образование и наука со решение бр. 07 - 3851/21 од 29. 06. 2006 година.